Рекреација и култура	101.0	102.4	101.6
Образование	99.7	99.9	99.6
Ресторани и хотели	103.8	101.9	100.9
Останати стоки и услуги	99.4	100.5	100.0

Индексот на трошоците на животот според класификацијата COICOP, во 2019 година, во однос на 2018 година, бележи зголемување од 0.8 %.

Зголемување на индексите е забележано во групите: алкохолни пијалаци, тутун и наркотици, здравје, храна и безалкохолни пијалаци, рекреација и култура, мебел, покуќнина и одржување на покуќнината и ресторани и хотели.

Намалување на индексите е забележано во групите: транспорт, комуникации, облека и обувки, образование и домување, вода, електрика, гас и други горива.

Групата останати стоки и услуги е на нивото од претходната година.

Трајни добра во домаќинствата



Индекси на трошоците на животот, 2010 – 2019



Активно население и стапки на активност

	2009	2014	2019
Активно население	**928 775**	**958 998**	**964 014**
Мажи	570 698	579 906	571 635
Жени	358 077	379 092	392 379
Стапка на активност	**56.7**	**57.3**	**57.2**
Мажи	69.6	69.3	67.8
Жени	43.7	45.3	46.6
Вработени	**629 901**	**690 188**	**797 651**
Мажи	389 332	419 589	477 437
Жени	240 569	270 599	320 214
Стапка на вработеност	**38.4**	**41.2**	**47.3**
Мажи	47.5	50.1	56.6
Жени	29.4	32.4	38.1
Невработени	**298 873**	**268 809**	**166 363**
Мажи	181 366	160 316	94 198
Жени	117 508	108 493	72 165
Стапка на невработеност	**32.2**	**28.0**	**17.3**
Мажи	31.8	27.6	16.5
Жени	32.8	28.6	18.4

Во периодот 2009 – 2019 година, стапките на активност, вработеност и невработеност бележат промени од година на година, во насока на пораст и/или намалување.

Во последната година од овој период, стапката на активното население кај жените бележи пораст од 2.9 процентни поени во однос на 2009 година. Највисока стапка на вработеност од 47.3 е забележана во 2019 година, додека најниска стапка на невработеност од 17.3 е забележана исто така во 2019 година.

Повисока стапка на вработеност во овој период се забележува кај мажите (56.6 %), што рефлектира поголемо учество на мажите во вкупниот број вработени. Стапката на вработеност кај жените во текот на периодот бележи исто така зголемување од 8.7 процентни поени во однос на 2009 година.

Стапка на активност на населението според школската подготовка

	Стапка на активност		
	2017	2018	2019
Вкупно			
Вкупно	**56.8**	**56.9**	**57.2**
Без образование	13.1	17.0	23.1
Незавршено основно образование	22.1	21.7	24.4
Основно образование	34.1	34.2	34.0
3 години средно образование	64.1	63.0	62.5
4 години средно образование	66.8	66.9	66.8
Више образование	52.3	52.2	50.6
Високо образование[1)]	85.2	85.0	85.2
Мажи			
Вкупно	**69.3**	**69.2**	**67.8**
Без образование	30.5	47.2	44.9
Незавршено основно образование	40.2	41.7	44.7
Основно образование	53.8	53.5	50.4
3 години средно образование	69.9	68.3	68.9
4 години средно образование	76.4	76.2	74.1
Више образование	51.8	51.6	48.3
Високо образование[1)]	83.9	83.8	85.2
Жени			
Вкупно	**44.3**	**44.6**	**46.6**
Без образование	7.2	7.9	14.1
Незавршено основно образование	13.5	12.9	15.8
Основно образование	19.0	19.4	21.3
3 години средно образование	54.6	54.5	51.4
4 години средно образование	54.2	54.8	57.6
Више образование	52.9	52.8	53.1
Високо образование[1)]	86.4	86.1	85.2

[1)] Високото образование вклучува: високо образование, магистратура и докторат.

Вработени според секторите на дејност[1)] на деловните субјекти, 2017 – 2019

	2017	2018	2019
Вкупно	**740 648**	**759 054**	**797 651**
Земјоделство, лов и шумарство и рибарство	120 311	119 337	111 033
Рударство и вадење на камен	6 576	6 509	6 587
Преработувачка индустрија	143 253	150 820	157 831
Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација	10 407	10 324	10 610
Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината	12 651	14 120	17 214
Градежништво	53 391	56 263	56 036
Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли	108 869	108 726	112 624
Транспорт и складирање	37 769	39 134	44 410
Објекти за сместување и сервисни дејности со храна	28 569	30 964	34 333
Информации и комуникации	13 587	12 995	15 348
Финансиски дејности и дејности за осигурување	10 817	8 095	10 627
Дејности во врска со недвижен имот	1 702	1 330	2 093
Стручни, научни и технички дејности	13 350	17 332	18 480
Административни и помошни услужни дејности	13 928	14 612	20 651
Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување	53 143	52 900	53 425
Образование	43 973	44 696	46 186
Дејности на здравствена и социјална заштита	40 807	42 760	45 279
Уметност, забава и рекреација	13 262	12 334	17 773
Други услужни дејности	12 604	13 059	14 875
Дејности на домаќинствата како работодавачи; дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби	(864)	(863)	(665)
Дејности на екстериторијални организации и тела	(814)	1 879	1 571

[1)] За секторите на дејност е применета Националната класификација на дејностите НКД, рев. 2.

() помалку прецизна процена - се користи со претпазливост

Невработени според должината на невработеноста

	2009	2014	2019
Вкупно	**298 873**	**268 809**	**166 363**
До 1 месец	10 004	8 845	10 277
2-5 месеци	23 806	18 090	17 974
6-11 месеци	20 431	17 754	11 762
12-17 месеци	17 714	15 935	15 025
18-23 месеци	12 227	14 389	15 661
До 2 години	2 000	2 389	5 594
До 3 години	21 922	22 752	11 681
4 и повеќе години	190 768	168 655	78 388

Во вкупниот број на невработени лица, најголемо е учеството на невработени кои според должината на невработеност се категоризирани во долгорочно невработени лица. Стапката на долгорочно невработени лица во 2019 изнесува 13.1 % и во однос на 2009 година бележи намалување од 13.2 процентни поени.

Невработени по возрасни групи, 2019



Вработени по возрасни групи, 2019



Просечна исплатена нето-плата во 2019 година, по тримесечја

	I	II	III	IV
Вкупно	**24 433**	**25 087**	**25 221**	**26 115**
Земјоделство, шумарство и рибарство	19 648	20 007	20 298	20 315
Рударство и вадење на камен	33 858	34 600	34 223	35 332
Преработувачка индустрија	20 113	20 945	21 185	22 374
Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација	39 159	38 840	38 647	38 911
Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпадни дејности за санација на околината	20 782	21 327	21 366	21 865
Градежништво	21 906	23 296	23 756	24 657
Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли	22 178	22 942	22 966	23 893
Транспорт и складирање	24 627	25 294	25 141	25 764
Објекти за сместување и сервисни дејности со храна	17 466	17 921	18 827	19 041
Информации и комуникации	43 586	44 216	45 312	46 816
Финансиски дејност и дејности на осигурување	42 371	43 369	41 019	42 065
Дејности во врска со недвижен имот	25 801	26 325	26 216	26 502
Стручни, научни и технички дејности	28 290	28 698	29 332	30 576
Административни и помошни услужни дејности	18 539	18 914	18 825	19 567
Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување	28 188	28 648	28 652	29 649
Образование	24 153	24 242	24 589	25 372
Дејности на здравствена и социјална заштита	28 693	29 382	29 673	29 903
Уметност, забава и рекреација	20 896	22 039	22 500	23 421
Други услужни дејности	28 247	28 853	28 893	29 985

Индекси на номинални и реални плати



Индекси на просечната исплатена нето-плата и на трошоците на животот, 2019 година



Површина по категории на користење, 2019

ха

Земјоделска површина	1 264 578
Обработлива површина	519 848
Ораници и бавчи	418 823
Овоштарници	16 784
Лозја	24 468
Ливади	59 773
Пасишта	743 991

Површина на основни земјоделски култури

ха

	2009	2014	2019
Пченица	88 151	76 686	68 847
Јачмен	48 622	41 157	43 941
Тутун	17 800	17 756	16 679
Домати	5 731	5 720	5 497
Јаболка (број на родни стебла во илјади)	4 049	3 776	4 789
Грозје (број на родни пенушки во илјади)	75 228	84 481	86 387

Растителното производство во периодот од 2009 до 2019 година се карактеризира со намалување на површините под пченица, тутун и домати, а бројот на пенушките винова лоза бележат пораст.

Остварено производство на основни земјоделски култури



Просечен принос на основните земјоделски култури

	Единица мерка	2009	2014	2019
Пченица	кг/ха	3 076	3 755	3 485
Јачмен	кг/ха	3 010	3 719	3 151
Тутун	кг/ха	1 355	1 553	1 573
Домати	кг/ха	25 370	28 065	27 715
Јаболка	кг/стебло	26	25	19
Грозје	кг/пенушка	3	2	3

Остварено производство на градинарски култури, 2019



Економски сметки во земјоделството

Земјоделско производство, бруто-додадена вредност и работна сила, 2009 – 2018



Број на добиток по видови

грла

	2009	2014	2019
Говеда	252 521	241 607	217 790
Овци	755 356	740 457	684 558
Свињи	193 840	165 054	135 770
Живина	2 117 890	1 939 879	1 562 089

Во 2019 година, бројот на говедата бележи опаѓање и во однос на 2009, и во однос на 2014 година, а исто така и бројој на овците, свињите и живината.

Производството на свинско месо е во пораст во 2019 година, споредено со претходните години, додека производството на другите видови месо е во опаѓање.

Производство на месо



Индикатори за шумарството

	2009	2014	2019
Исечена бруто-дрвна маса (илјади м^3)	906	655	759
Шумски пожари (ха)	1 030	1 150	10 661
Пошумување во шума и надвор од шума (ха)	3 973	1 064	965
Вработени во шумарството	2 504	2 376	2 220

Површини под шуми, 2019



Видови на шуми:

- листопадни
- иглолисни
- мешовити
- деградирани

Површина под шуми во хектари:



Површина под шуми во хектари: 1019253

Индустриско производство во натурални показатели

Назив на производот	Единица мерка	2017	2018	2019
Концентрат на олово	т	54 369	57 392	60 154
Концентрат на цинк	т	55 691	60 747	62 582
Преработено млеко	т	37 916	34 306	36 526
Рафинирано сончогледово масло и негови фракции, хемиски немодификувано	т	26 148	28 797	33 419
Вино од свежо грозје, на точење	хл	407 430	524 691	561 333
Вино од свежо грозје, во шишиња	хл	281 473	256 601	257 659
Минерална и газирана вода; незасладена, неароматизирана	илјада хл	737	839	783
Ферментиран тутун	т	22 298	18 414	19 462
Готови лекови	кг	7 775 342	8 438 261	9 096 318
Неогноотпорни керамички градежни тули, блокови за подови, блокови, носачи и слично	илј. парч. НФ	46 142	37 503	39 859
Феролегури	т	7 196	10 100	15 319

На графиконот е прикажано индустриското производство во периодот 2011 – 2019 година. Од графиконот се гледа дека индустриското производство и во 2019 година бележи значителен пораст во однос на претходните години, што се должи, пред сè, на зголеменото производство во одделите Производство на електрична опрема, Производство на машини и уреди неспоменати на друго место и Производство на моторни возила, приколки и полуприколки.

Индекси на индустриското производство



Енергетска статистика и енергетски индикатори

Енергетска статистика	Единица мерка	2017	2018[1)]
Бруто-примарно производство	1000 toe	1 153	1 133
Нето-увоз на енергија	1000 toe	1 552	1 509
Нето-увоз на нафта	1000 toe	1 033	985
Нето-увоз на природен гас	1000 toe	227	209
Вкупно потребна енергија	1000 toe	2 735	2 599
Финална енергетска потрошувачка	1000 toe	1 880	1 853
Индустрија	1000 toe	388	411
Сообраќај	1000 toe	727	727
Останата потрошувачка	1000 toe	765	715
Бруто-производство на електрична енергија	GWh	5 600	5 607
Финална потрошувачка на електрична енергија	GWh	6 102	6 105
Енергетска интензивност			
Вкупно потребна енергија/БДП[2)]	kgoe/1000 евра	381	352
Финална енергетска потрошувачка/БДП[2)]	kgoe/1000 евра	264	251
Енергетска потрошувачка по жител			
Вкупно потребна енергија/жител	kgoe/жител	1 320	1 252
Финална енергетска потрошувачка/жител	kgoe/жител	907	893
Финална енергетска потрошувачка во домаќинствата/ жител	kgoe/жител	255	233
Финална потрошувачка на електрична енергија/жител	kWh/жител	2 944	2 941
Енергетска зависност			
Нето-увоз на енергија/Вкупно потребна енергија	во %	56.8	58.1
Енергетска ефикасност			
Финална енергетска потрошувачка/вкупно потребна енергија	во %	68.7	71.3
Ефикасност на термоцентралите во бруто-производството	во %	33.8	32.6
Обновлива енергија			
Учество на обновливата енергија во бруто-финалната потрошувачка (нормализирани вредности)	во %	19.6	18.0
Учество на електричната енергија од обновливи извори во бруто-производството на електрична енергија	во %	23.1	35.1
Учество на електричната енергија од обновливи извори во бруто-потрошувачката на електрична енергија	во %	17.1	26.1

[1)]Претходни податоци

[2)] Бруто-домашен производ (БДП) во евра со референтна 2006 година

Во 2018 година, енергетската зависност на Република Северна Македонија од увоз изнесуваше 58.1 %. Финалната енергетска потрошувачка изнесуваше 893 kgoe по жител, а финалната потрошувачка на електрична енергија 2941 kWh по жител.

Извршени градежни работи од деловни субјекти на објекти од јавна сопственост

во милиони денари

	2009	2014	2019
Вкупно	**7 756**	**16 236**	**18 175**
Станбени згради	451	674	97
Нестанбени згради	1 167	2 429	1 412
Транспортна инфраструктура	3 787	4 277	6 524
Цевководи, водови и електрични водови	504	1 024	4 571
Комплексни конструкции во индустријата	103	1 401	373
Други објекти од нискоградба	497	283	287
Реконструкција, санација, адаптација, големи поправки и редовно одржување на објектите	1 098	2 994	4 483
Градежни работи	149	3 154	428

Во вкупната вредност на извршените градежни работи на објектите во јавниот сектор, градени од деловни субјекти, најголемо учество имаат објектите од транспортната инфраструктура (48.8 % во 2009 година, 26.3 % во 2014 година и 35.9 % во 2019 година), потоа следи групата градежни работи на реконструкција, санација, адаптација, големи поправки и редовно одржување (14.2 % во 2009 година, 18.4 % во 2014 година и 24.7 % во 2019 година), нестанбени згради (15.0 % во 2009 година, 15.0 % во 2014 година и 7.8 % во 2019 година) итн.

Во годините 2009, 2014 и 2019, најмногу биле градени трисобни станови и нивното учество во вкупно изградените станови се движи од 32.2 % во 2009 година, 32.9 % во 2014 година и 34.6 % во 2019 година, потоа следат двособните станови со учество од 27.3 % во 2009 година, 27.8 % во 2014 година и 33.2 % во 2019 година.

Во годините 2017, 2018 и 2019, најмногу одобренија за градење биле издадени за објекти од високоградба, и тоа 62.9 % во 2017 година, 56.8 % во 2018 година и 54.1 % во 2019 година, а потоа следат објектите за реконструкција со 26.1 % во 2017, 27.5 % во 2018 и 31.4 % во 2019 година. Исто така, и вредноста на издадените одобренија за градење е највисока за објектите од високоградбата и нејзиното учество се движи од 66.0 % во 2017 година, 57.6 % во 2018 година, до 66.9 % во 2019 година, додека во нискоградбата учеството изнесува 27.3 % во 2017, 36.4 % во 2018 и 25.2 % во 2019 година.

Изградени станови



Број на издадени одобренија за градење

	Вкупно	Високоградба	Нискоградба	Реконструкција
2017	3 390	2 132	372	886
2018	2 800	1 589	442	769
2019	2 946	1 593	428	925

Предвидена вредност на објектите за кои се издадени одобренија за градење

илјади денари

	Вкупно	Високоградба	Нискоградба	Реконструкција
2017	45 368 752	29 929 350	12 406 760	3 032 642
2018	44 614 683	25 717 618	16 227 108	2 669 957
2019	38 617 053	25 845 909	9 725 796	3 045 348

Стоковна размена со странство

милиони САД долари

	2009	2014	2019[1)]
Обем на размената	**7 781**	**12 266**	**16 626**
Обем, лон	**1 391**	**2 137**	**2 193**
Извоз	2 708	4 964	7 185
Извоз, лон	827	1 273	1 264
Увоз	5 073	7 301	9 441
Увоз, лон	563	864	929
Покриеност на увозот со извоз	**53.4**	**68.0**	**76.1**

[1)] Претходни податоци

Позитивниот тренд на зголемување на покриеноста на увозот со извоз се отсликува во набљудуваниот период како резултат на континуираното зголемување на учеството на извозот во обемот на размената, кое е зголемено за 8.4 % во 2019 во споредба со 2009 година.

Најзначајни земји според обемот на размената, 2019[1)]



[1)] Претходни податоци

Извоз според секторите на СМТК



Увоз според секторите на СМТК



[1)] Претходни податоци

Извоз/увоз според оддели на Класификацијата на производи по дејности (КПД)

милиони САД долари

	Извоз	Структура	Увоз	Структура
		2009		
Вкупно	**2 708**	**100.0**	**5 073**	**100.0**
Индустрија	2 491	92.0	4 539	89.5
Земјоделство	190	7.0	120	2.4
Останато	27	1.0	414	8.2
		2014		
Вкупно	**4 964**	**100.0**	**7 301**	**100.0**
Индустрија	4 613	92.9	7 050	96.6
Земјоделство	274	5.5	160	2.2
Останато	77	1.6	91	1.3
		2019[1)]		
Вкупно	**7 185**	**100.0**	**9 441**	**100.0**
Индустрија	6 771	94.2	9 203	97.5
Земјоделство	303	4.2	155	1.6
Останато	111	1.5	82	0.9

[1)] Претходни податоци

Покриеност на увозот со извоз, 2009-2019



[1)] Претходни податоци

Извоз / увоз според основните економски категории

милиони САД долари

	Извоз	Структура	Увоз	Структура
	2009			
Вкупно	**2 708**	**100.0**	**5 073**	**100.0**
Капитални производи	63	2.3	837	16.5
Интермедијарни производи	1 389	51.3	2 969	58.5
Производи за широка потрошувачка	1 211	44.7	1 067	21.0
Останати производи, неспоменати на друго место	45	1.7	200	3.9
	2014			
Вкупно	**4 964**	**100.0**	**7 301**	**100.0**
Капитални производи	603	12.1	737	10.1
Интермедијарни производи	2 881	58.0	4 985	68.3
Производи за широка потрошувачка	1 472	29.7	1 329	18.2
Останати производи, неспоменати на друго место	8	0.2	251	3.4
	2019[1)]			
Вкупно	**7 185**	**100.0**	**9 441**	**100.0**
Капитални производи	1 147	16.0	850	9.0
Интермедијарни производи	4 684	65.2	6 703	71.0
Производи за широка потрошувачка	1 335	18.6	1 584	16.8
Останати производи, неспоменати на друго место	19	0.3	304	3.2

[1)] Претходни податоци

Користење интернет кај населението на возраст од 15 до 74 години

	2017	2018	2019
Корисници на интернет во последните 3 месеци[1)]	1 212 347	1 287 924	1 326 973
Честота на користење интернет во последните 3 месеци[1)]:			
- секој ден	1 006 775	1 117 637	1 187 748
- најмалку еднаш неделно	181 697	147 611	124 714
- помалку од еднаш неделно	23 875	22 676	14 511

[1)] Периодот „последните 3 месеци“ е првото тримесечје од годината

Бројот на лицата на возраст од 15 до 74 години што користеле интернет во периодот јануари – март 2019 година, во однос на истиот период од 2018 година, е зголемен за 3 %.

Домаќинства со пристап на интернет од дома (%)



Во 2019 година, 81.8 % од домаќинствата имале пристап до интернет од дома, што претставува зголемување за 2.5 процентни поени во споредба со 2018 година.

Во 2019 година, 70 % од домаќинствата имале широкопојасно поврзување на интернет.

Фиксно широкопојасно поврзување на интернет кај деловните субјекти со 10 или повеќе вработени (%)



Во 2019 година, 85.8 % од деловните субјекти (со 10 или повеќе вработени) имале фиксно широкопојасно поврзување на интернет и, споредено со претходната година, се забележува зголемување од 4.3 процентни поени.

Превезени патници според видот на превозот

илјади

	2009	2014	2019
Патен превоз	11 607	8 115	6 471
Градски превоз	65 151	84 476	72 040
Железнички превоз	1 523	803	549
Воздухопловен превоз	635	1 278	2 667

Превезени стоки според видот на превозот

тони

	2009	2014	2019
Патен превоз, илјади	33 244	31 587	69 395
Железнички превоз, илјади	2 929	2 376	1 840
Воздухопловен превоз	2 127	3 428	3 088

Загинати и повредени во сообраќајни незгоди



Патнички превоз според видот, во патнички километри

милиони

	2009	2014	2019
Вкупно	**1 367**	**1 288**	**1 108**
Патен превоз	1 213	1 208	1 046
Железнички превоз	154	80	62

Во 2019 година доминира патничкиот превоз со автобуси со учество од 94.4 %, во споредба со патничкиот превоз со железница, додека во 2014 година тоа учество изнесуваше 93.8 %.

Товарен превоз според видот, во тон километри

милиони

	2009	2014	2019
Вкупно	**4 532**	**7 810**	**10 615**
Патен превоз	4 035	7 399	10 266
Железнички превоз	497	411	349

Во 2019 година, патниот товарен превоз доминира со учество од 96.7 % во споредба со товарниот превоз со железница, додека во 2014 година тоа учество изнесуваше 94.7 %.

Внатрешна трговија, 2019

		промет во милиони денари	вработени
45	Трговија на големо и на мало со моторни возила и мотоцикли, делови и прибор и нивно одржување и поправка	32 473	4 793
46	Трговија на големо, освен трговија со моторни возила и мотоцикли	406 077	30 024
47	Трговија на мало, освен трговија со моторни возила и мотоцикли	252 286	52 955

Во 2019 година, во секторот Трговија, прометот во одделот Трговија на големо и на мало со моторни возила и мотоцикли, делови и прибор и нивно одржување и поправка учествува со 4.70 %, а во истиот сектор/оддел, бројот на вработените учествува со 5.46 %. Прометот во одделот Трговија на големо, освен трговија со моторни возила и мотоцикли, учествува со 58.78 %, а во истиот сектор/оддел, бројот на вработените учествува со 32.21 % и одделот Трговија на мало, освен трговија со моторни возила и мотоцикли учествува со 36.52 %, а во истиот сектор/оддел, бројот на вработените учествува со 60.33 %.

Број на туристи и ноќевања

	2009	2014	2019
Број на туристи			
Вкупно	587 770	735 650	1 184 963
Домашни	328 566	310 336	427 370
Странски	259 204	425 314	757 593
Број на ноќевања			
Вкупно	2 101 606	2 195 883	3 262 398
Домашни	1 517 810	1 273 370	1 684 627
Странски	583 796	922 513	1 577 771

Туристи и ноќевања по видови деловни единици, 2019

	Туристи	Ноќевања
Вкупно	**1 184 963**	**3 262 398**
Хотели, вкупно	921 920	1 912 388
Хотели *****	249 894	452 456
Хотели ****	448 039	960 974
Хотели ***	172 698	400 388
Хотели **	36 251	69 102
Хотели *	15 038	29 468
Пансиони	728	1 272
Мотели	6 296	24 734
Туристички апартмани	4 388	9 542
Преноќишта	15 087	27 322
Бањски лекувалишта	11 254	98 435
Планински домови и куќи	3 108	4 205
Работнички одморалишта	13 503	43 583
Детски и младински одморалишта	14 764	60 733
Кампови	17 029	55 606
Куќи, станови за одмор и соби за издавање, вкупно	154 530	970 359
Привремени сместувачки капацитети	1 395	5 043
Коли за спиење	2 248	2 248
Некатегоризирани објекти за сместување	18 713	46 928

Бројот на туристите во 2019 година изнесува 1 184 963, од кои 36.1 % се домашни туристи, а 63.9 % се странски туристи. Во споредба со претходната година, се забележува зголемување на бројот на странските туристи за 7.1 %.

Бројот на ноќевањата во 2019 година изнесува 3 262 398, од кои 51.6 % се домашни, а 48.4 % се странски туристи. Во споредба со претходната година, бројот на ноќевањата на странските туристи е зголемен за 5.8 %.

Туристи по земја на припадност, 2019



Капацитети за сместување во хотелите, 2019

	Број на соби	Број на легла
Хотели, вкупно	10 095	22 274
Хотели*****	1 982	3 935
Хотели****	3 970	8 640
Хотели***	2 439	5 727
Хотели**	1 049	2 486
Хотели*	655	1 486

Број на активни деловни субјекти по сектори на дејност според Националната класификација на дејностите – НКД, рев. 2

Сектори на дејност		2018		2019	
		Вкупно	%	Вкупно	%
Вкупно		**72 315**	**100.0**	**75 914**	**100.0**
А	Земјоделство, шумарство и рибарство	2 546	3.5	2 605	3.4
Б	Рударство и вадење на камен	205	0.3	221	0.3
В	Преработувачка индустрија	8 033	11.1	8 362	11.0
Г	Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација	186	0.3	224	0.3
Д	Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината	250	0.3	260	0.3
Ѓ	Градежништво	4 938	6.8	5 270	6.9
Е	Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли	22 950	31.7	23 140	30.5
Ж	Транспорт и складирање	5 667	7.8	5 780	7.6
З	Објекти за сместување и сервисни дејности со храна	4 597	6.4	4 777	6.3
S	Информации и комуникации	1 856	2.6	2 041	2.7
И	Финансиски дејности и дејности на осигурување	448	0.6	470	0.6
Ј	Дејности во врска со недвижен имот	575	0.8	645	0.8
К	Стручни, научни и технички дејности	7 261	10.0	7 636	10.1
Л	Административни и помошни услужни дејности	1 752	2.4	1 962	2.6
Љ	Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување	264	0.4	264	0.3
М	Образование	1 222	1.7	1 289	1.7
Н	Дејности на здравствена и социјална заштита	3 357	4.6	3 241	4.3
Њ	Уметност, забава и рекреација	1 404	1.9	1 753	2.3
О	Други услужни дејности	4 804	6.6	5 974	7.9
П	Дејности на домаќинствата како работодавачи; дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби	...	...	...	...
Р	Дејности на екстратериторијални организации и тела	...	...	...	...

Број на активни деловни субјекти според бројот на вработените

	Вкупно	0[1)]	1-9	10-19	20-49	50-249	250 +
2018	72 315	8 221	57 184	3 142	2 129	1 399	240
2019	75 914	7 565	61 265	3 211	2 237	1 404	232

[1)] Вклучени се и деловни субјекти со неутврден број на вработени

Според податоците на Државниот завод за статистика, во Република Северна Македонија, бројот на активните деловни субјекти во 2019 изнесува 75 914 и во однос на 2018 година е зголемен за 5.0 %.

Најголемо учество во структурата имаат секторите: Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли со 23 140 субјекти или 30.5 % и Преработувачка индустрија со 8 362 субјекти или 11.0 %. Најмала застапеност имаат секторите: Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (0.3 %), Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината (0.3 %), Рударство и вадење на камен (0.3 %) и Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување (0.3 %).

Податоците за структурата на активните деловни субјекти според бројот на вработените покажуваат дека најголемо учество од 80.7 % имаат деловните субјекти со 1 до 9 вработени. Потоа следат деловните субјекти без вработени или субјектите со неутврден број вработени (без податок за вработени) со 10.0 %, па субјектите со 10 до 19 вработени со 4.2 %, потоа субјектите со 20 до 49 вработени, чие учество изнесува 2.9 %, со 1.8 % учествуваат субјектите со 50 до 249 вработени и само 0.3 % од активните деловни субјекти имаат над 250 вработени.

Новосоздадени претпријатија според правната форма, 2018[1)]

Правна форма	Вкупно	%
Вкупно	**6 307**	**100.0**
Трговец-поединец и физичко лице самостоен вршител на дејност	1 362	21.6
Друштво со ограничена одговорност и акционерско друштво	4 409	69.9
Останати правни форми	536	8.5

[1)] Секторите на дејност А, Љ, П и Р и класата 64.20 се исклучени (НКД, рев.2)

Згаснати претпријатија според правната форма, 2018[1) 2)]

Правна форма	Вкупно	%
Вкупно	**4 885**	**100.0**
Трговец-поединец и физичко лице самостоен вршител на дејност	839	17.2
Друштво со ограничена одговорност и акционерско друштво	3 601	73.7
Останати правни форми	445	9.1

[1)] Секторите на дејност А, Љ, П и Р и класата 64.20 се исклучени (НКД, рев.2)

[2)] Претходни податоци

Во 2018 година, бројот на новосоздадените претпријатија во Република Северна Македонија изнесува 6 307, додека бројот на згаснатите претпријатија изнесува 4 885.

Гледано според правната форма, најголем број новосоздадени (4 409) и згаснати претпријатија (3 601) се друштва со ограничена одговорност и акционерски друштва.